Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 16.06.2017 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на седумдесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Седумдесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 22.06. 2017 година (четврток) 2017 година со почеток во 15:00 часот** во големата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

- Усвојување на записникот од седумдесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 12.05.2017 година;

**Точка 1**
Предлог - Решение за именување на член во Управниот Одбор на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Решение за именување на членови на Надзорниот Одбор на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 3**
Предлог - Решение за именување на член во Управниот Одбор на ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за донесување Детален урбанистички план за Индустриска зона „Југ„ КО Свети Николе со површина на плански опфат ид 69.14ха за плански период 2016-2021 година Општина Свети Николе;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред донесена од страна на Совет на Оппштина Свети Николе бр.0701-1095 од 21.12. 2012 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2017 година;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за Насочување на движење на тешки товарни возила на улиците на град Свети Николе;

**Точка 8**

Барање од Секторот за урбанизам за лицата Нацев Димчо и Нацев Љупчо;

**Точка 9**

Барање парична помош од лицето Александар Иванов;

**Бр.0801- 270**
**16.06. 2017 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**